# Информатор на



## STEAMing Ahead: Обука на родителите за инклузивно STEAM образование на децата со аутизам

Код на проектот: 2023-2-MK01-KA210-ADU-000174037
Информатор на проектот: 09/2024

## ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот STEAMing Ahead има за цел да развие едукативни материјали и ресурси кои се соодветни на возраста и приспособени на потребите на децата со аутизам. Дополнително се насочува кон обезбедување на обука и ресурси за родителите, давајќи им можност да ги негуваат интересите за STEAM темите, кај децата од најмала возраст. Проектот исто така има за цел да ја зголеми свеста за важноста на инклузивното STEAM образование за децата со аутизам.

### ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ

-Креирање на книга за активности, наменета за родители
-Одржување на дводневна обука за родители

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.




## ПРВ СОСТАНОК




На 16ти април 2024 година, тимот на проектот STEAMing Ahead за прв пат се состана во Лариса, Грција.

Првиот состанок резултираше со ефективно планирање на целиот проект.

## ОНЛАЈН СОСТАНОЦИ

Од почетокот на проектот, се одржуваат редовни онлајн состаноци, со цел ефективно да се координираат активностите на проектот.




Партнери

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.







## КНИГА ЗА АКТИВНОСТИ

Тимот на STEAMing Ahead работеше на креирање на книга за активности наменета за родители. Книгата за активности содржи STEAM активности, соодветни на возраста и приспособени на потребите на децата со аутизам. Дополнително содржи насоки и практични совети за родителите на деца со аутизам за надминување на одредени предизвици кои може да се јават при учењето за STEAM.

## СЛЕДНА АКТИВНОСТ

Следната активност на проектот е одржување на дводневна обука за родители. Обуката ќе се одржи во ноември 2024 година, во Скопје. Оваа обука има за цел да им обезбеди на родителите на деца со аутизам знаења и стратегии за активно вклучување на нивните деца во учењето за STEAM, со обезбедување на практични STEAM активности кои лесно можат да се применат во домот.

Дознајте повеќе за проектот:

- https://steamingaheadproject.eu/
- https://www.facebook.com/STEAMingAheadAutismProject
- https://www.instagram.com/steaming_ahead_project/

Партнери

ViModo Research & Education Hub · THE HIVE · Prios Vest · СИНА СВЕТУЛКА

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија ниту EACEA не можат да бидат одговорни за нив.